КАМЕЛИЈА ТУРС ДОО
email:info@camelliatravel.com.mk
www.camelliatravel.com.mk

А- ЛИЦЕНЦА
No. 202

Ул. Филип Втори Македонски
бр.5 Локал 1 -1000 Скопје,
тел: 02 3232-916, 3162916

# Прага - Карлови Вари - Дрезден – Виена

( 6 ДЕНА / 3 НОЌЕВАЊА )
Термин: 04.03-09.03.2026

**Програма**

## 1 Прв ден СКОПЈЕ - ПРАГА: 04.03.2026

Состанок со групата во **12:00 часот**, по што следи поаѓање кон **Прага во 12:30 часот**. Патувањето се одвива преку **Србија и Унгарија**, со **дневно и ноќно возење**. Во текот на денот се предвидени **редовни паузи за одмор**, како и паузи за **царински и гранични формалности**.

## 2 Втор ден ПРАГА 05.03.2026

Пристигнување во **Прага во утринските часови**. По краток одмор, следува организиран **разглед на градот со локален водич**, запознавање со најзначајните историски и културни знаменитости.
Разгледот започнува од **Прашкиот дворец – Храд**, продолжува кон **Катедралата Св. Вито** и **Црквата Лорето**, по што се спуштаме кон **Карловиот Мост**, **Плоштадот на Малтешките витези** и **Споменикот на Карло IV**. Прошетката продолжува по **Кралскиот пат**, низ **Еврејскиот кварт** и покрај престижната **Париска улица**, сè до **Старомајскиот плоштад** со прочуениот **астрономски часовник Орлој**. Разгледот завршува кај **Градската куќа** и **Прашната кула**. По завршување на програмата – **сместување во хотел**. Слободно време за одмор и индивидуални активности. Ноќевање.

## 3 Трет ден ПРАГА – КАРЛОВИ ВАРИ 06.03.2026

По појадокот следи поаѓање на **целодневна прошетка и посета на Карлови Вари**, еден од **најпознатите бањски центри во Европа**, сместен во регионот **Западна Бохемија**.
Градот се одликува со **карактеристична архитектура, колонади и термални извори**, а низ историјата бил место кое го посетувале и во кое престојувале многу познати личности од светот на науката, уметноста и политиката, како **Фројд, Бетовен, Моцарт, Гогољ**, како и **руските цареви**. Следи прошетка низ централното градско подрачје и слободно време за индивидуални активности. Во договорено време поаѓање назад кон Прага. Ноќевање**.**

## 4 Четврти ден ПРАГА – ДРЕЗДЕН – ПРАГА: 07.03.2026

По појадокот следи поаѓање на целодневна посета на **Дрезден**, град кој поради своето богато културно наследство и импресивна **барокна архитектура** со право го носи прекарот **„Германска Фиренца“**.По пристигнувањето следува панорамски разглед на градот, при што ќе се видат најзначајните знаменитости: **Универзитетот во Дрезден**, **Богородичната црква (Frauenkirche)**, **Семпер операта**, како и **палатскиот комплекс Цвингер**. Во продолжение е предвидено слободно, индивидуално време, во кое ќе имате можност за шопинг во безброј продавници и модерни шопинг центри, познати по добриот избор и пристапните цени.
Во попладневните часови следи враќање во **Прага**. Ноќевање.

## 5 Петти ден ПРАГА – ВИЕНА: 08.03.2026

По појадокот следи напуштање на хотелот и поаѓање кон **Виена**Пристигнување во Виена и панорамски разглед на градот со локален водич, при што ќе се видат најзначајните знаменитости: плоштадот **Рингштрасе, Виенската Опера, Парламентот, Општината (Rathaus), Музејот на модерна уметност, Градската палата, Универзитетот, Палатата Белведере, Катедралата Св. Стефан и Зимскиот дворец Хофбург**. По панорамскиот разглед следи **слободно време за прошетка низ центарот на Виена**. Во договорено време поаѓање кон **Будимпешта**, каде што ќе

имаме можност за **крстарење по Дунав**, едно од **најубавите искуства на оваа тура**, со панорамски поглед на осветлените знаменитости на градот.
По завршување на крстарењето следи **поаѓање кон Скопје**, со **ноќно возење и попатни паузи за одмор и царински формалности**.

**6 Шести ден СКОПЈЕ: 09.03.2026**
Пристигнување во Скопје во предпладневните часови.

## ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 299€ / 18.538,00 денари

### ВО ЦЕНАТА НА АРАЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:

- Автобуски превоз со високо туристички  автобус
- Сместување во Прага Hotel Top 4* на база ноќевање со појадок
- Организиран разглед на Прага и Виена со локален водич
- Организирана посета на Дрезден и Карлови Вари
- Ноќно крстарење по Дунав во Будимпешта
- Организација и водство на патувањето

### ВО ЦЕНАТА НА АРАЖМАНОТ НЕ  Е ВКЛУЧЕНО:

- Индивидуални трошоци
- Влезници за музеите и културно-истоиските споменици
- Патничко осигурување без франшиза
- Туристичка такса